## Дневни билтени



## Извадок на дел од дневни настани 23.07.2019

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пријава против Х.С.(26) од село Речане, гостиварско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 04.02.2019 во село Равен полициски службеници извршиле преглед над пријавениот, при што пронашле и одзеле кокаин.

СВР Битола поднесе кривична пријава против М.Т.(26) од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на нарктични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 11.07.2018 во Битола полициски службеници извршиле преглед над пријавениот, при што пронашле и одзеле марихуана.

На 22.07.2019 во 12.10 часот на граничен премин „Ќафасан", полициски службеници го лишиле од слобода С.А.(42) од Република Албанија затоа што се барал по распишана меѓународна потерница од Интерпол. Тој бил здржан и предаден во Полициската станица Струга за понатамошна постапка.

На 22.07.2019 околу 14.30 часот на бул.„8-ми Септември" во Скопје се случила сообраќајна незгода помеѓу мотоцикл „БМВ" со скопски регистарски ознаки, управуван од Б.Ј.(42) од Скопје и патничко возило „Опел Корса" со скопски регистарски ознаки, управувано од Н.Б.(41) од Скопје. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобил мотоциклистот Б.Ј. и бил пренесен во Ургентен центар при комплекс клиники „Мајка Тереза". Увид на местото извршила екипа од СВР Скопје.

На 22.07.2019 околу 22.00 часот на ул.„Народни Херои" во Скопје, полициски службеници го пронашле малолетникот за кој на 20.07.2019 неговата мајка Н.В.(36) од Скопје пријави дека се оддалечил од домот по семејна расправија. Тој бил предаден на неговата мајка.

На 22.07.2019 во 14.22 часот во Полициската станица Карпош, М.К.(24) од Скопје пријавил дека на ул.„Козле" бил каснат од куче скитник во пределот на левата нога.

На 22.07.2019 во 12.50 часот во Полициското одделение Петровец, Б.С.(71) од с.Петровец пријавила дека во с.Петровец била касната од куче скитник во пределот на левата нога.

Во текот на изминатиот ден (22.07.2019) на подрачјето на Секторот за внатрешни работи Скопје преземени се мерки и активности и констатирано е дека 69 возачи управувале возила со брзина поголема од дозволената. Од сообраќај исклучени се 22 возачи од кои: двајца возачи управувале возило под дејство на алкохол, 19 возачи затоа што управувале возила без да се стекнат со право за управување на моторно возило и еден возач почетник затоа што не се придржувал на законските ограничувања. Исто така, исклучени од сообраќај се и 20 возила затоа што 19 не биле регистрирани  и едно затоа што било техничи неисправно. Санкционирани се четири возачи поради поминување на крстосница на црвено светло, двајца возачи поради недавање првенство на минување на пешаци, еден поради неправилно престигнување, 22 возачи на мотоцикли затоа што не носеле заштитен шлем-кацига, 19 возачи поради неносење сигурносен појас за време на управување на моторно возило и 14 возачи поради користење на мобилен телефон при управување на возило. Во однос на пешаците, санкционирани  се шест пешаци поради поминување коловоз вон пешачки премин. Во текот на изминатиот ден издадени се 69 мандатни платни налози и 48 возила се подигнати со специјално возило „пајак". Во текот на изминатиот ден се случиле 21 сообраќајни незгоди во кои едно лице се здобиле со тешки телесни повреди и осум лица се здобиле со телесни повреди.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против С.Л.(53) и С.И.(31), двајцата од Струга, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело ,,неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори". На 18.07.2019 во Охрид, полициски службеници извршиле претрес на пријавените и нивните возила. Притоа, во возилото „Форд Фокус" што го управувал првопријавениот биле пронајдени и одземени марихуана и кокаин.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Р.Р.(64) од Тетово поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи‵ʹ и „загрозување на сигурноста". На 19.07.2019 во Тетово, полициски службеници извршиле претрес во домот и помошните простории на пријавениот, при што пронашле и одзеле автоматска пушка, пиштол „Глок'' со шест куршуми, 29 куршуми од автоматска пушка со калибар 7,62 мм, 25 парчиња пиштолска муниција со калибар 7,62 мм и седум куршуми „Магнум 357". Додека во јуни 2019 во домот на неговиот братучед Р.И., пријавениот во два наврати упатил закани по животот на Р.И. и животот на членовите од неговото семејство.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кавадарци поднесе кривична пријава против Б.Ч.(27), Љ.Т.(30) и С.О.(20), сите од Кавадарци, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „фалсификување на пари‟. Во текот на јуни 2019 пријавените набавиле 193 фалсификувани банкноти од по 500 денари, 41 банкнота од по 1.000денари и банкнота од 2.000денари, по што второпријавениот дел од нив пуштил во оптек во Кавадарци, а дел од нив во износ од 40.000денари им ги предал на еден малолетник и на третопријвениот со обврска да му дадат надомест од 3.000 денари. По ова, тие, дел од фалсификуваните банкноти ги пуштиле во промет, а додека останатите банкноти ги изгореле.

На 23 јули околу 8 часот и 30 минути на магистралниот пат Гостивар-Кичево, во близина на отворените сепарации, 54-годишниот Е.М. од гостиварското село Балиндол, управувајќи мотоцикл „Трува‟ со гостиварски регистарски таблици, изгубил контрола и паднал на коловозот. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобил Е.М. и бил пренесен во гостиварската болница. Увид извршила екипа од Полициската станица Гостивар.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против В.А.(21) од Куманово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „тешка телесна повреда”. На 25.06.2019 на улица „Народна Револуција” во Куманово, пријавениот физички нападнал две лица, при што на едното му нанел тешка телесна повреда.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Крива Паланка поднесе кривична пријава против Л.Т.(57) од Крива Паланка поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „напад врз службено лице при вршење работи на безбедноста‟. На 13.07.2019 на улица „Свети Јоаким Осоговски‟ во Крива Паланка, пријавениот физички нападнал полициски службеници кои вршеле службени дејствија.

На 22.07.2019 околу 22.45 часот на локалниот пат Тетово-Фалише, З.Д.(59) од с.Стримница, тетовско, управувајќи патничко возило „Фиат пунто‟ со тетовски регистарски ознаки, изгубил контрола и излетал од коловозот. Во незгодата возачот З.Д. се здобил со тешки телесни повреди и бил пренесен во тетовската клиничка болница. Извршен бил увид.

Полициски службеници од Секторот за внатрешни работи Битола на 22 јули извршиле контрола за брзина, управување без возачка дозвола, нерегистрирани возила, непочитување првенство. Притоа, било констатирано дека четири возачи управувале возило без возачка дозвола, четири возила биле нерегистрирани и брзината ја надминале 21 возачи.

На 21.07.2019 во периодот од 19.00 до 01.00 часот на подрачјето на Полициската станица Неготино спроведена е локална акциска контрола на прекршоците што ги прават возачите на мопеди и мотоцикли. Притоа, констатирани се девет прекршоци за кои се изречени соодветни казни.

На 22.07.2019 околу 19.20 часот било пријавено дека на автопатот Неготино-Скопје, во близина на надвозник Виничани, било забележано како од товарно возило со скопски регистарски ознаки, кое било застанато и од кое се симнуваат повеќе лица. Полициски службеници излегле на местото и во близина на возилото пронашле 61 мигранти(од Пакистан 45, од Авганистан девет, од Бангладеш шест и еден од Индија). За настанот е известен Јавен обвинител, а мигрантите биле пренесени во Прифатниот центар „Винојуг‟ Гевгелија и Прифатниот центар за странци во Скопје за понатамошна постапка. Се преземаат мерки за пронаоѓање на возачот и за расчистување на случајот.

На 22.07.2019 во 09.00 часот во Полициската станица Кочани било пријавено дека истиот ден околу 08.50 часот во фирма во Кочани, при изведување работни задачи, со повреди се здобил Т.Ј.(62) од Кочани. Тој бил пренесен во болницата во Кочани. Увид на местото на настанот извршила увидна екипа на Полициската станица Кочани. Се работи на расчистување на случајот.

На 22.07.2019 година во 13.51 часот на ул.„Димитрије Чуповски‟ во Скопје, полициски службеници го привеле Е.Е.(28) од Скопје поради тоа што физички нападнал полициски службеници кои вршеле службена дејност. По целосно документирање на случајот против негоќе биде поднесена соодветна пријава.

На 23.07.2019 околу 01.45 часот во с.Лисиче, скопско, полициски службеници го привеле С.А.(19) од Скопје поради тоа што физички нападнал полициси службеници кои вршеле службена дејност. По целосн документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 22.07.2019 во 09.20 часот во Полициската станица Штип, А.Н.(38) од Штип пријавил дека на ул.„Боро Арсов‟ во Штип неговиот 17 годишен син бил каснат од куче скитник во пределот на десната нога.

На 23.07.2019 во 02.40 часот во СВР Скопје, И.З.(44) од с.Дурфулија-Лозово, пријавил пожар во домот каде што времено престојува на ул. „Борис Сарафов‟ во Скопје. Повредени лица нема. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 22.07.2019 во 09.53 часот во СВР Скопје било пријавено дека во полуотвореното одделение во Казнено-поправната установа „Идризово‟ во Скопје, во делот на бањата, настанал пожар во кој била зафатена кровната конструкција. Пожарот бил изгаснат од екипа на Бригадата за противпожарна заштита, а повредени лица. Увид бил извршен.

На 23.07.2019 во СВР Скопје било пријавено дека на ул.„Вамбел‟ настанал пожар во патнилко возило „Опел Корса‟, сопственост на Ј.С. од Скопје. Увид бил извршен.

МАКЕДОНИЈА
БЕЗ КОРУПЦИЈА

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет

(https://www.facebook.com/makedonskapolicija/) (https://www.youtube.com/user/MVRMacedonia1231)